# Скопје

Бесплатен примерок

| Број 28 | Година VI | 24 април 2013г. |



# ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ПРВПАТ ВО СКОПЈЕ

*Новини во одржувањето на комуналната хигиена*

# СКЛАДИРАЈТЕ ГО ОТПАДОТ ВО ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ





Скопјани за првпат добија можност отпадот од своите домаќинства да го одлагаат во подземни контејнери. Овој проект ќе придонесе за осовременување на системот за складирање и подигање на комуналниот отпад и за подобрување на јавната хигиена во градот.

Екипи на Градот Скопје деновиве ја поставија и 10-та платформа со подземни контејнери, од вкупно 14, што ќе се поставaт во централното градско подрачје. На 5 локации ќе бидат поставени по 4 контејнери од кои 3 ќе се користат за одлагање мешан отпад, а 1 за ПЕТ амбалажа. На преостанатите локации ќе се поставaт по 3 контејнери, 2 за мешовит отпад и 1 за ПЕТ амбалажа. Екипите на Градот Скопје поставија и две платформи со по два контејнера, на две локации во општината Чаир.

Контејнерите се од фирмата АТРИК од Република Словенија и се со зафатнина од 3 кубни метри.

- Системот кој ќе се користи за вадење и спуштање на контејнерите, односно за нивно празнење, работи на хидрауличен погон и е еден од најсовремените во регионот. Оваа операција е овозможена со новите возила со коишто го опремивме ЈП „Комунална хигиена“. Реализацијата на овој проект ќе придонесе да се осовремени изгледот на контејнерите за складирање на комуналниот отпад, да се отстранат надземните метални контејнери и да се тргне сликата со расфрлано ѓубре околу контејнерите. Сакам да упатам апел до граѓаните, совесно да ги користат новите контејнери и да придонесат за почиста животна средина – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Носител на Проектот за поставување подземни контејнери е ЈП „Комунална хигиена“. За негова реализација се издвоени вкупно 33 милиони денари, од кои по 10 милиони денари инвестираат Градот Скопје и Општина Центар, а 13 милиони ЈП „Комунална хигиена“.



Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ минатиот месец се поднови со 10 нови специјализирани возила за собирање смет и 5 мотокултиватори. Новите камиони за собирање смет може да се движат во помалите и тесни улички, а мотокултиваторите се со комплетна приклучна опрема, односно со приклучок за собирање снег во зима, четки за метење тротоари и патеки, како и фреза и друга опрема.



# НОВИ ВОЗИЛА ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“



- Со оваа набавка може да кажеме дека го исполнивме ветувањето коешто пред граѓаните го дадовме во 2009 година. Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ го подновивме со комплетно нова опрема и возила за собирање отпад и ја подобривме хигиената во градот - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите возила.

Набавените специјални комунални возила се со капацитет на надградбата од 1,5 кубни метри. Шасијата на камионите е од кинеската компанија ДСМ, а надградбата е на познатата турска фирма Yeni Balkan.

Набавените 5 нови мотокултиватори се од познатата марка ГОЛДОНИ со јачина од 12 коњски сили и комплетна приклучна опрема.

За набавка на 10-те камиони се издвоени околу 9 милиони денари, а за мотокултиваторите околу 2 милиона денари, средства коишто се целосно обезбедени од ЈП „Комунална хигиена“.





*Потпишан договор за концесија*

# ДРИСЛА ЌЕ СТАНЕ СОВРЕМЕНА ДЕПОНИЈА

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и Максимилијано Ферацоли, управител на конзорциумот составен од FCL AMBIENTE SRL и UNIECO SCC COOP од Италија, на 4 јануари годинава потпишаа договор за заедничко вложување во Јавното претпријатие депонија „Дрисла", со цел вршење концесиска дејност. Договорот за концесија е во траење од 35 години и ќе овозможи „Дрисла" да прерасне во најсовремена депонија со постројки за рециклирање на отпадот и искористување на енергијата.

- Конзорциумот со кој денеска потпишуваме договор понуди најдобро решение за депонијата „Дрисла". Вкупната инвестиција за трансформирање на „Дрисла" ќе изнесува 73 милиони евра. Вложувањето на средствата е планирано да се изврши во период од 4 до 5 години во кои депонијата ќе прерасне во индустрија, во која отпадот ќе се трансформира во енергија или гориво и репроматеријал, секундарна суровина, со што драстично ќе се намали количеството отпад што трајно ќе биде одложуван на депонијата и ќе има поголема искористеност на повторно обновливите делови. Со задоволство го потпишувам договорот за концесија во траење од 35 години и се надевам дека Градот Скопје ќе добие една современа фабрика, во која ќе учествува со вложување од 20 насто од вкупниот влог, ќе добива 20 насто профит, и што по европски стандарди ќе го складира отпадот - истакна градоначалникот Трајановски, на потпишувањето на договорот.

ФЦЛ Амбиенте МК ДООЕЛ ги планира следниве чекори во управувањето и депонирањето на отпадот:

1) Изведба и ставање во функција на постројка за пакување отпад, со автоматска сепарација на метали кои содржат, и метали кои не содржат железо, интегрирана со линија за рачна сепарација на пластика со цел да се искористат повторно обновливите секции преку рециклирање, а која ќе овозможи да се намали волуменот на отпадот кој ќе биде одложуван на депонијата и ќе го намали создавањето на исцедокот.

2) Првични мерки за итни интервенции на депонијата и истовремен почеток на студии за продлабочени истражувања на депонијата, со цел да се финализира конечен проект за почеток на активностите за безбедно одлагање на насобраниот отпад и зачувување на животната средина.

3) Автоматска постројка, за сортирање, селекција и третирање на комунален отпад и отпад сличен на комуналниот, со искористување на одвоените фракции и производство на RDF (RefuseDerivedFuel), со капацитет од над 250 000 тони годишно.

4) Постројка за компостирање отпад од зеленило и соодветна постројка за производство на висококвалитетен компост.

5) Постројка за третирање на инертен отпад, или отпад кој произлегува од градежната оператива и уривања, со искористување на повторно обновливите фракции.

6) Постројка за третман на индустрискиот отпад.

7) Интервенции за обезбедување на депонијата со каптажа на биогасот, зафати за прифаќање и третирање на исцедокот.

- Изградените постројки ќе бидат во можност да рециклираат над 70 насто од влезниот отпад и ќе обезбедат максимална флексибилност, а што е најважно ќе се намали влијание врз животната средина, со ниска потрошувачка на енергија, главно со користење на енергијата генерирана од постројката за биогас, дополнети со фотоволтаична постројка за производство на енергија со соодветна големина - истакна во своето обраќање Доменико Ферацоли, претседателот на ФЦЛ Амбиенте.





# СЕ ГРАДИ НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛИЦАТА ВАСКО КАРАНГЕЛЕВСКИ



Екипите на Градот Скопје досега поставија 100 метри од новата водоводна мрежа по должината на улицата Васко Карангелевски, којашто долгорочно ќе реши еден од најголемите проблеми во овој дел од Стар Аеродром.

- Новата водоводна мрежа се гради од крстосницата на улицата Васко Карангелевски со улицата Трета македонска бригада до крстосницата кај поликлиниката „Јане Сандански" и ќе биде долга 350 метри. На овој потег се поставуваат два цевковода – првиот со профил од 150 милиметри за високата зона и вториот со профил од 300 милиметри за ниската зона. Цевките се изработени од дуктилно железо. Изградбата на новата мрежа ќе овозможи поквалитетно водоснабдување за станбените згради во Стар Аеродром, како и за новите згради што се градат по должината на улицата Трета македонска бригада – вели градоначалникот Коце Трајановски.

За овој значаен градежен зафат Градот Скопје ќе одвои околу 7 милиони денари.

# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И ЗА УЛИЦАТА ПЕРО НАКОВ

Изградбата на атмосферската канализација на улицата Перо Наков и на улицата 840БИС во општината Гази Баба заврши во предвидениот рок. Цевките и сливниците за атмосферската канализација се поставени, тротоарите по должината на раскопаниот дел се оформени, а деновиве е реконструиран и оштетениот коловоз на крстосницата на улицата Благоја Стефковски со улицата Перо Наков и улицата 840 БИС.

На овој дел од улицата Перо Наков и на улицата 840БИС за време на обилните дождови водите се собираа на коловозот, а сообраќајот се одвиваше отежнато. Значајно е и што, како дел од овој градежен зафат, Градот Скопје на оваа делница изгради тротоари по коишто граѓаните ќе можат безбедно да се движат. Вкупната вредност на проектот е околу 2,8 милиони денари.





# СЕ ДОГРАДУВА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ВО ИНЏИКОВО

Фекален колектор долг 1 300 метри со профил од 800 милиметри деновиве се гради во Инџиково, населба Питу Гули, како заедничка инвестиција на Градот Скопје, општина Гази Баба и ЈП „Водовод и канализација“. Досега се изградени 410 метри од новата фекална мрежа, а градежните работи ќе продолжат кога ќе се подобрат временските услови.

- Со изградба на овој колектор ќе се решат долгогодишните проблеми на жителите од овој дел на општината Гази Баба. Изградбата на колекторот ќе го реши одведувањето на фекалните води од населбите Тумба и Питу Гули, како и на дел од населбите Методија Андонов Ченто и Камник, со што ќе се создадат услови да отпадне од употреба препумпната станица во Маџари и ќе се спречи поплавувањето и излевањето на отпадната вода. Со договорот за изградба на фекалниот колектор од Инџиково кон пумпната станица Маџари, меѓу Градот Скопје, општината Гази Баба и Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање, досега се изградени 260 метри, а сега полека се заокружува овој обемен проект што е од исклучително значење за околните жители. Сакам да им се заблагодарам на граѓаните за покажаното трпение и соработката во реализацијата на овој проект - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Изградбата на новата фекална мрежа треба да заврши до крајот на годинава.











# ИЗГРАДЕН НОВ МОСТ НАД РЕКАТА СЕРАВА

Екипите на Градот Скопје изградија нов мост над реката Серава, којшто ја поврза ролерско-велосипедската патека на левата страна од реката Вардар во делот каде што беше прекината.

- Градот Скопје успешно и во предвидениот рок ја заврши изградбата на новиот мост над реката Серава, на вливот во реката Вардар. Со изградбата на мостот над реката Серава на граѓаните на Скопје им се овозможува непрекинато движење по ролерско-велосипедската патека, од мостот кај хотелот „Александар Палас“ до мостот „Тодор Александров“ (поранешниот мост „Близнак“), во должина од околу 8 километри. Новиот премин е армирано-бетонски, со должина од 16,6 метри и со широчина од 4,6 метри. Коловозот е асфалтиран. Оградата на новиот премин е изработена од челични цевки, а осветлувањето е овозможено со светилките што ја осветлуваат ролерско-велосипедската патека од левата страна на реката Вардар. Градот Скопје за изградба на овој мост потроши околу 4,8 милиони денари – истакна градоначалникот Коце Трајановски.

Косините околу бетонските крила на мостот, од четирите страни, се обработени со камен. Просторот околу мостот ќе биде зазеленет.



# ЈСП ДОБИ НОВА ПЕРАЛНИЦА ЗА АВТОБУСИ

ЈСП „Скопје“ стави во употреба нова пералница за автобуси којашто е сместена во реновираната хала на ова јавно претпријатие, во пунктот во Ѓорче Петров.

- Пералницата има релативно брза пропусна моќ, односно е со капацитет за надворешно перење 25 автобуси за еден час. Со отворањето на оваа пералница се подобри хигиената на автобусите, а на граѓаните на Скопје им овозможивме не само да се возат во нови, туку и во чисти автобуси. Ја ставивме во употреба и втората реновирана хала во пунктот на јавното претпријатие во Ѓорче Петров, а следната година планираме да ја реновираме и халата во Автокоманда, којашто исто така ќе биде опремена со современа пералница – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Во оваа реновирана хала на ЈСП во Ѓорче Петров е вграден уред за надворешно миење автобуси ЕКОБУС Ц 4000, којшто се состои од: резервоар за индустриска вода, единица за довод на свежа вода, носач на четките со продолжена рака и електрична единица. Исто така, новиот уред има и вграден сензор за во текот на перењето да не се отстрануваат страничните ретровизори.





Перењето на автобусите се одвива во неколку фази, односно се користат средства-шампони за предперење, перење и брзо сушење на возилото. Пералницата е опремена и со прскалки за долно перење на автобусите.

За реконструкција на втората хала на ЈСП во Ѓорче Петров којашто е опремена со нова пералница за автобуси Градот Скопје од Буџетот одвои 10 милиони денари.

# 3 НОВИ АВТОБУСКИ ЛИНИИ НА ЈСП




На барање на граѓаните, ЈСП „Скопје“ воведе три нови пробни автобуски линии. Новата автобуска линија со број 33 ќе сообраќа на релација од Долно Лисиче, преку Горно Лисиче, населба Лисиче, Транспортен центар, Југодрво и плоштадот „Македонија“, со крајна станица кај Домот на печатот. Автобуската линија со број 5А ќе сообраќа на релација од населбата Дексион во Општина Ѓорче Петров до Клиничкиот Центар, односно по трасата - Дексион, улиците Ѓорче Петров, Адолф Циборовски, булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, улицата Кирил и Методиј, булеварот Мајка Тереза (поранешен булевар Водњанска) до Клиничкиот центар.

По барање на граѓаните и на учениците од ОУ „Кочо Рацин“ сообраќа и пробната линија, којашто се уште нема број, а ќе се движи на релација од Домот на печатот, преку булеварот Мајка Тереза, па по улиците Питу Гули, Димитар Пандилов и Караорман.

# КОМПЛЕТНО ОБНОВЕН ВОЗНИОТ ПАРК НА ЈСП



Со ставањето во употреба на новите 79 двокатни автобуси, на почетокот на годинава Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ целосно го обнови својот возен парк. Со заокружувањето на обемниот проект за обнова на возниот парк на ЈСП на градските улици сега сообраќаат вкупно 312 нови автобуси, од кои 80 се нископодни од украинската компанија „ЛАЗ“, 215 се двокатни автобуси и 16 се минибуси од „Јутонг“ од Кина.

- Ова е уште еден голем ден за ЈСП, ги промовираме новите 79 двокатни автобуси, од кои 64 се за градски превоз, а 15 за панорамско возење. Проектот за обнова на возниот парк на ЈСП „Скопје“ е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Владата на Република Македонија. Новите автобуси се изработени според сите водечки технологии и ги исполнуваат сите потребни стандарди, опремени се со еко-мотори, дигитален тахограф, автоматски управувана рампа за инвалидски и детски колички, целосно се климатизирани и многу поудобни од автобусите кои во минатото се користеа во градскиот превоз – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите двокатни автобуси.





Министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски, во своето обраќање истакна дека со пуштањето во употреба на новите автобуси се заокружува еден успешен проект за замена на старите автобуси коишто ја загадуваа животната средина со нови и современи автобуси.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, потенцираше дека ова е уште еден успешен проект на Владата за чија реализација од буџетот издвоиле 57 милиони евра.

# ЈСП „СКОПЈЕ“ – 65 ГОДИНИ НАШ ВЕРЕН СОПАТНИК




Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ на 17 јануари годинава ја одбележа 65-годишнината од своето основање. Претпријатието е основано на 17.01.1948 година и оттогаш се развива заедно со растот и развојот на Скопје. Според пресметките, од своето формирање досега, автобусите на ЈСП поминале 800 милиони километри и превезле 5,5 милијарди патници.

- Благодарение на посветеноста на Владата на Република Македонија Градот Скопје доби 312 нови автобуси за јавен превоз на патници, нископодни и двокатни. Со тоа се обнови возниот парк на ова јавно претпријатие, а граѓаните добија еколошки, сигурен и удобен јавен превоз. Покрај обновата на возниот парк, Градот Скопје на многу начини го помага јавното сообраќајно претпријатие. Покрај субвенциите за ниските цени на билетите кои годишно изнесуваат од два до три милиони евра, Градот Скопје инвестира и во инфраструктурата на јавното претпријатие. На почетокот од 2012 година, реконструиравме една сервисна хала во автобазата во Ѓорче Петров, која ја опремивме со модерен автоматски систем за одржување на автобусите. Инвестицијата изнесуваше 10 милиони денари. Кон крајот на 2012 година, ја пуштивме во употреба и реконструираната пералница за автобуси, со што драстично се подобри и хигиената во автобусите. Повозрасните граѓани добија можност бесплатно да се возат во автобусите на ЈСП, три дена во неделата. Ќе ја споменам и новата жичница на Водно, којашто е донација од Владата на Република Македонија, а со која успешно стопанисува ЈСП. Поддршката на Градот Скопје за ЈСП продолжува. Од Буџетот на Градот Скопје, во наредните три години - развојно, ќе се одделат околу 60 милиони денари за изградба на 270 автобуски постојки, како и 180 милиони денари за системот за автоматска локација на возилата и за електронска наплата на билетите – рече градоначалникот Коце Трајановски, на одбележувањето на јубилејот.

Директорот на ЈСП, Мишо Николов, во своето обраќање се осврна на почетоците од работата на јавното сообраќајно претпријатие.

- Првата воведена автобуска линија во Скопје е онаа од Кумановска трошарина (денешна Автокоманда) преку Кејот на Вардар до Градскиот парк, за во 1955 година во градот да функционираат 8 автобуски линии. Во 1953 година во Скопје за првпат доаѓаат двокатните автобуси. Денес, ЈСП „Скопје“ е модерно јавно претпријатие што се развива од ден на ден. Располагаме со нови, најсовремено опремени автобуси и превезуваме околу 50 милиони патници годишно – нагласи Николов.



## ПОВЛАСТЕН ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Градот Скопје обезбеди 2 243 легитимации за повластен јавен автобуски превоз на лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со телесен инвалидитет, лица со интелектуална попреченост, бубрежно болни лица, како и инвалиди на трудот, пензионери инвалиди и воени инвалиди, организирани во соодветните здруженија на граѓани на подрачјето на Град Скопје. Од нив 2 085 се бесплатни легитимации, а 158 - бесплатни легитимации со придружба.

Градот Скопје целосно ја реализира Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на Град Скопје, од лица со посебни потреби за 2013 година, со цел да се помогне во остварувањето социјална грижа на лицата со посебни потреби, подобрување на нивното движење во урбаната заедница и нивно олеснето вклучување во социјалните и во општествените текови на животот. Вкупните средства потребни за реализирање на Програмата изнесуваат 31 218 504 денари.

# ГОДИНАВА НОВИ АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА





До крајот на годинава Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ ќе постави 226 нови автобуски стојалишта, на повеќе локации низ градот.

- Новите автобуски стојалишта, според договорот, ќе почнат да се поставуваат во април, а сите треба да бидат поставени до крајот на годинава. Ќе се поставуваат 3 типа на стојалишта кои се разликуваат според нивната големина, а истите ќе имаат настрешница, информатива табла, клупа за седење, канта за отпадоци и табла со име на постојката и броеви на автобусите коишто стојат на неа. Со ова граѓаните на Скопје ќе добијат нови модерни автобуски стојалишта – објасни градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на проектот.



Директорот на ЈСП, Мишо Николов, го презентираше изгледот на информативната табла што ќе стои на сите автобуски стојалишта, а беше избран на посебен отворен конкурс. Притоа, тој потенцираше дека состојбата со автобуските стојалишта е еден од најчестите проблеми коишто до нив ги посочуваат граѓаните и дека со поставувањето на новите постојки целосно ќе бидат задоволени нивните барања.

За набавка на 226 стојалишта се издвоени околу 66 милиони денари.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 82
**Телефон**
02 3297 255
**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk
**Дизајн и печат**
Графички Центар Скопје

# 32 МИЛИОНА ДЕНАРИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Градот Скопје годинава од својот Буџет ќе издвои околу 32 милиона денари за реконструкција на 21 средно училиште, што се во негова надлежност.

- Од овие средства 18 милиони денари ќе се инвестираат во проекти коишто ќе ја подобрат енергетската ефикасност на училиштата, односно ќе се изврши замена на столаријата и реконструкција на старите покриви на училишните објекти. Преостанатите средства ќе се искористат за реконструкција на санитарните јазли, замена на дотраената електрична инсталација и за реконструкција на подовите во училниците и во фискултурните сали. Од овие средства 5 милиони денари ќе се инвестираат во училиштето „Панче Караѓозов" каде што во текот на летниот распуст ќе биде извршена целосна замена на покривот – вели градоначалникот Коце Трајановски.





Минатата година за покривање на дел од училишната зграда на СУГС „Панче Караѓозов" беа потрошени 1,5 милиони денари. При овој зафат со ребреста лимарина е покриена површина од 520 квадратни метри.

Годинава ќе се покријат двете ламели каде што се сместени училниците.

# КАКО СЕ ТРОШАТ ВАШИТЕ ПАРИ

Годишен финансиски извештај на Град Скопје , 2012 година



| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | Извршување 31.12.2012 |
|---|---|---|
| ВКУПНИ ПРИХОДИ | 4.058.500.000 | 2.634.396.287 |
| Даночни приходи | 2.585.400.000 | 2.030.709.715 |
| Неданочни приходи | 116.100.000 | 173.858.283 |
| Трансфери | 112.000.000 | 60.630.531 |
| Капитални приходи | 1.245.000.000 | 369.197.759 |




| | | ОСНОВЕН БУЏЕТ | Извршување 31.12.2012 |
|---|---|---|---|
| ВКУПНИ РАСХОДИ | | 4.058.500.000 | 2.626.587.508 |
| I | Капитални инвестиции | 2.285.758.000 | 1.176.254.105 |
| II | Одржување комунални објекти и инфраструктура | 965.300.000 | 864.558.871 |
| III | Трошоци за администрација и Совет на Град Скопје | 488.347.000 | 336.197.915 |
| IV | Извршување надлежности од јавен интерес | 319.095.000 | 249.576.619 |



| | Остварено со 31.12.2012 |
|---|---|
| **I. Капитални инвестиции** | **1.176.254.105** |
| **Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)** | **48.527.870** |
| Изградба на улици, патишта и автопати | 9.343.682 |
| Изградба на комунална инфраструктура | 38.476.787 |
| Приклучоци за гробишта Камник | 707.401 |
| **Изградба на комерцијални објекти** | **223.182.166** |
| Изградба на катна гаража на улица ДАМЕ ГРУЕВ | 80.017.510 |
| Изградба на катна гаража на улица МХВ ЈАСМИН | 141.015.389 |
| Надзор над изградбата на катна гаража на улица ДАМЕ ГРУЕВ | 364.334 |
| Надзор над изградбата на катна гаража на улица МХВ ЈАСМИН | 1.784.933 |
| **Проекти за енергетска ефикасност** | **3.483.360** |
| Преземање мерки за енергетска ефикасност во објектите кои се под ингеренции на Град Скопје | 3.483.360 |
| **Изградба на јавно осветлување** | **28.390.568** |
| Изградба на јавно осветлување | 13.197.335 |
| Ревизија на проекти за јавно осветлување | 553.580 |
| Реконструкција на јавното осветлување во СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА | 14.639.653 |
| **Изградба и реконструкција на улици и патишта** | **343.731.938** |
| Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати | 33.210.703 |
| Реконструкција на бул.Македонска војска | 5.005.470 |
| Реконструкција на бул.Јане Сандански | 22.414.901 |
| Реконструкција на тротоари | 10.053.932 |
| Реконструкција на бул. Илинден II фаза (и III фаза за 2013) | 525.810 |
| Реконструкција на бул.Св.Климент Охридски II фаза | 20.426.114 |
| Реконструкција на кружен тек Св.Петар и Павле | 19.135.603 |
| Реконструкција на ул. Митрополит Т. ГОЛОГАНОВ до АЛУМИНА | 35.302.024 |
| Реконструкција на ул. Самоилова | 34.098.687 |
| Реконструкција на ул. Козле II фаза | 17.125.819 |
| Реконструкција на ул.Лазо Трповски и 2 Македонска бригада | 405.087 |
| Санација на Јужноморавски бригади | 2.240.106 |
| Реконструкција и санација на ул.Радишанска, прва фаза | 9.805.905 |
| Реконструкција на ул. Благоја Стефковски I и II фаза (и атмосферска) | 1.063.660 |
| Реконструкција и плаќање ДДВ за реконструкција на ул. Борис Трајковски (Првомајска) | 26.105.105 |
| Кружен тек на ул.Боца Иванова | 5.221.362 |
| Изградба на мост кај Сарај | 49.120.582 |
| Реконструкција на мостови (конструкција, коловоз, тротоари, огради и осветлување) | 20.586.406 |
| Надзор над изградбата | 9.996.960 |
| Експропријација на земјиште за изградба на улици | 20.998.586 |
| Надомест за одземен имот за изградба на улици | 889.120 |
| **Изградба на простор за паркирање** | **1.637.403** |
| Изградба на паркинг 300 - обврски | 997.442 |
| Изградба на паркинг Матка (Мечкина дупка) | 639.961 |
| **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **8.491.756** |
| Набавка на семафорска опрема | 2.530.905 |
| Подготвување сообраќајни проекти и ревизии | 5.960.852 |





Кружен тек Св. Петар и Павле – Ѓорче Петров

| | |
|---|---|
| **Изградба на системи за водоснабдување** | **9.651.311** |
| Изградба на капацитети за водоснабдување | 8.268.562 |
| Изгр. на капацитети за вод. - потисен цевковод на ул. Салвадор Аљенде | 1.382.749 |
| **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадните води** | **51.545.422** |
| Подготвување проекти за пречистителни станици и колектори | 3.132.900 |
| Изградба на атмосферска канализација КОЗЛЕ | 1.735.989 |
| Изградба на атмосферска ул.Радован Ковачевиќ-соработка со општина | 2.365.218 |
| Изградба на фекална канализација - ТУМБА МАЏАРИ | 5.000.000 |
| Изградба на фекална канализација во с.Љубанци | 9.990.218 |
| Изградба на пречистителна станици (МЗ Бајрам Шабани) II фаза | 11.150.102 |
| Изградба на пречистителна станици и колектори - Дрисла (колектор) 3 фаза | 12.789.802 |
| Изградба на фекална канализација на бул. АСНОМ | 436.600 |
| Фекална канализација во с. Љуботен | 4.944.593 |
| **Јавна чистота - капитални расходи** | **935.693** |
| Изградба на други објекти - цебови за контејнери | 935.693 |
| **Други комунални услуги - капитални расходи** | **59.348.243** |
| Подготвување проекти за станбени објекти - фасади | 1.359.900 |
| Реконструкција на станбени објекти - фасади | 53.884.980 |
| Изградба - копање бунари за технолошка вода | 1.731.107 |
| Изградба на Градска плажа | 1.926.421 |
| Надзор на реконструкција на фасади | 445.835 |
| **Паркови и зеленило - капитални расходи** | **57.310.397** |
| Изработка на 2 копии од скулптурата ВЕНЕРА ПУДИКА | 819.803 |
| Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 345.740 |
| Проект за осветлување и озвучување на пештерата Врело во кањонот Матка | 566.400 |
| Реконструкција и подигнување на јавно зеленило на магистрални улици и паркови | 53.498.397 |
| Реконструкција на пештерата Врело во кањон Матка | 758.237 |
| Пошумување-доделување садници на граѓани/установи/МЗ | 1.321.820 |
| **Урбана опрема - капитални расходи** | **14.781.133** |
| Чешми на кеј на р. Вардар | 2.230.520 |
| Купување тезги за плоштад | 5.924.474 |
| Купување друга опрема - КЛУПИ | 2.232.000 |
| Купување друга опрема - столбчиња за заштита на зеленилото | 1.045.008 |
| Купување друга опрема - контејнери од жица ПЕТ амбалажа | 3.349.131 |
| **Културни манифестации и творештво - (капитални расходи)** | **10.809.750** |
| ЈУ Музеј на Град Скопје | |
| Проект: Реновирање на постојната музејска поставка во Музејот на Старата скопска чаршија | 2.362.920 |
| ЈУ Културно информативен центар | |
| Реконструкција на влезната партија на објектот | 600.000 |
| ЈУ Младински културен центар | |
| Извршен надзор за реализација на проектот за реконструкција на објектот | 362.865 |
| ЈУ ЦОП Универзална сала | |
| Проект: Реконструкција на санитарни јазли | 316.203 |
| ЈУ Градска библиотека Браќа Миладиновци | |
| Формирање спомен соба на браќата Миладиновци | 197.000 |
| Реконструкција на покривот на Библиотеката | 2.655.000 |

| | |
|---|---|
| ЈУ Зоолошка градина | |
| Живеалиште на слон и на жирафа | 4.064.020 |
| ЈУ Дом на културата Кочо Рацин | |
| Проект: Реновирање на малиот и големиот салон и на магацинскиот простор | 251.742 |
| **Спорт и рекреација (капитални расходи)** | **2.028.227** |
| Изградба на ролерски, велосипедски и трим патеки на пешачки мост | 1.446.363 |
| Купување на друга опрема - набавка на велосипеди за изнајмување | 581.864 |
| **Средно образование капитални расходи** | **18.769.859** |
| Проектирање нови училишни згради и фискултурни сали; кофинансирање со МОН | 2.788.605 |
| Реконструкции на училишни згради и фискултурни сали | 15.981.254 |
| **Заштита на животна средина и природа (капитални расходи)** | **31.744.106** |
| Изградба на други објекти - Ботаничка градина | 4.489.455 |
| Одбележување граници на локалитетот Гази Баба - втора фаза | 1.302.956 |
| Одбележување граници на локалитетот Водно- втора фаза | 2.945.000 |
| Изградба на други објекти - уредување на Гази Баба | 983.890 |
| Изградба на други објекти - уредување на Водно | 999.150 |
| Посебен план за заштита на Водно | 3.997.500 |
| Замена на азбестно-цементни плочи на СУГС | 17.026.155 |
| **Домови за стари лица (Програма за социјална заштита) - капитални расходи** | **23.600** |
| Изведба на лифт и платформа за лица со посебни потреби во средното училиште Арсение Јовков. | 23.600 |
| **Против пожарна заштита (капитални расходи)** | **2.026.482** |
| Репетитор, радиоврски, разгласен систем | 1.192.495 |
| Реконструкција на деловни објекти (промена на гаражни врати центар Автокоманда) | 833.987 |
| **Градска администрација -капитални расходи** | **259.834.825** |
| Купување опрема и машини | 6.456.489 |
| Реконструкција и проектирање деловни објекти | 1.371.370 |
| Купување канцелариски мебел | 297.561 |
| Акции и друг капитал (ОСНОВАЧКИ ВЛОГ) | 784.125 |
| Купување моторни возила | 6.443.184 |
| Компјутерски софтвери | 14.189.777 |
| Изградба и надзор на Градска куќа | 230.292.319 |



Реконструиран булевар Јане Сандански

| | Остварено со 31.12.2012 |
|---|---|
| II. Програми за одржување комунални објекти и инфраструктура | 864.558.871 |
| Урбанистичко планирање | 27.643.621 |
| Уредување на градежно земјиште | 20.936.760 |
| Одржување урбана опрема | 1.022.342 |
| Јавно осветлување | 94.283.792 |
| Јавна чистота | 14.061.817 |
| Јавен локален превоз на патници | 201.010.826 |
| Одржување на локални улици и патишта | 274.321.508 |
| Јавно зеленило | 15.143.314 |
| Други комунални услуги | 108.154.892 |
| Одржување на простор за паркирање | 107.980.000 |


Ботаничка градина



Нов мост во Сарај

| | Остварено со 31.12.2012 |
|---|---|
| III. Трошоци за администрација и Совет на Град Скопје | 336.197.915 |

| | Остварено со 31.12.2012 |
|---|---|
| IV. Програми за извршување надлежности од јавен интерес | 249.576.619 |
| Поддршка на локален економски развој | 11.252.402 |
| Поттикнување развојот на туризмот | 3.219.292 |
| Плати за вработени и надоместоци за управни одбори- институции од областа на културата под надлежност на Град Скопје | 12.141.580 |
| Културни манифестации и творештво | 53.816.255 |
| Спорт и рекреација | 39.094.000 |
| Средно образование | 85.569.070 |
| Заштита на животна средина и природа | 2.640.928 |
| Здраствена заштита | 1.355.000 |
| Домови за стари лица (Програма за социјална заштита) | 7.323.263 |
| Противпожарна заштита (тековни расходи) | 33.164.830 |




Годишен финансиски извештај
на Град Скопје , 2012 година

Април, 2013

Средните училишта „Георги Димитров“ и „Здравко Цветковски“ од почетокот на годинава се греат на гас. Гасификацијата на средните училишта е проект со чија реализација Градот Скопје придонесува за почиста животна средина, зашто ќе се замени користењето на течното гориво (масло за домаќинства, мазут) со природен гас, ќе се елиминира емисијата на сулфурдиоксид и саѓи, ќе има големо намалување на азотните оксиди и значително намалување на јаглероддиоксидот.

- На почетокот на второто полугодие на учебната 2012/2013 година го ставаме во употреба котелот на гас во СУГС „Георги Димитров“, дел од проектот за гасификација на две средни училишта кој изнесува 6.490.000 денари. Во овој проект спаѓа и гасификацијата на СУГС „Здравко Цветковски“. Досега за греење на училиштето се трошеле околу 4 милиони денари. По воведувањето на гасификацијата се очекува заштедата да биде од 45 до 50 насто, а повраток на инвестицијата да имаме за 2 до 3 години. Во текот на годинава планираме на греење на гас да ги приклучиме и СУГС „Арсени Јовков“ и СУГС „Зеф Љуш Марку“. Градот Скопје во текот на изминатите 4 години ги реконстрираше објектите на сите 21 средно училиште. Според приоритетите на училиштата беше извршена реконструкција на подовите, ѕидовите, замена на столаријата, санитарните јазли и целосна реконструкција на електричната инсталација - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на пуштањето во употреба на пумпата на гас во СУГС„Георги Димитров“.



# СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“ И „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“ ПОЧНАА ДА СЕ ГРЕАТ НА ГАС





# СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ОД „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“ ДОБИЈА СПОРТСКА САЛА



Во дворот на средното училиште „Зеф Љуш Марку“ на почетокот на годинава беше изградена нова спортска сала. Објектот е со површина од 1 300 квадратни метри, располага со трибина со капацитет од 400 седишта, соблекувални, туш кабини, санитарни јазли, простории за сместување на спортски реквизити, како и посебни простории за наставниците по предметот спорт и спортски активности. За изградба на оваа сала Владата на Република Македонија издвои околу 40 милиони денари.

- Изградбата на оваа сала е резултат на одличната соработка на Град от Скопје со Владата на Република Македонија, којашто без застој и успешно го спроведува проектот за изградба на 145 училишни спортски сали низ Македонија. Градот Скопје, за поврзување на оваа спортска сала кон топлификациската, водоводната и канализациската мрежа има издвоено околу 3 милиони денари. Целта е на учениците да им се овозможат подобри услови за спортување и поквалитетен живот - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на официјалното отворање на новата спортска сала во СУГС „Зеф Љуш Марку“.

# НОВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЌЕ СЕ ГРАДИ ВО САРАЈ



Во општината Сарај наскоро ќе почне да се гради ново средно училиште. Зградата ќе биде со вкупна површина од 2 020 квадратни метри и ќе има приземје, кат, подрумски простории и сопствен систем за греење.

Во објектот на училиштето ќе може да се одржува квалитетна настава на албански јазик за 600 ученици, коишто ќе изучуваат повеќе струки: медицинска, економска, правна, а до колку има заинтересираност ќе се воведе и гимназиски смер.

Парите за изградба на новото средно училиште се обезбедени од Министерството за образование и наука, а средства за покривање на трошоците за комуналии ќе се издвојат од буџетот на Град Скопје.



ренски возила, заштитни противпожарни капи и ракавици според европските стандарди и летни униформи. Противпожарната бригада на Град Скопје во 2010 година доби и 3 нови противпожарни возила донирани од Владата на Република Македонија, а во 2011 година доби три нови противпожарни возила за гаснење пожари во урбана средина. Едното противпожарно возило е набавено од Градот Скопје, а другите две противпожарни возила се донација од Владата

# БЛАГОДАРНОСТ И НАГРАДА ЗА СКОПСКИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 18 јануари, во противпожарната станица во Автокоманда се сретна со пожарникарите што на 15 јануари учествуваа во гаснењето на големиот пожар во седиштето на „Македонски пошти“, во знак на благодарност за нивната навремена и пожртвувана акција.

- Сакам да Ви се заблагодарам за добро завршената работа и за Вашата навремена и брза интервенција со која спречивте поголема штета и ширење на пожарот на околните објекти. Ова беше еден од најголемите пожари во нашиот град во последниве 20 години, а Вие ги ризикувавте Вашите животи во борбата со огнената стихија. Токму заради таа посветеност, секој пожарникар што учествуваше во акцијата за гаснење на овој голем пожар ќе добие награда од 30 насто од својата плата – најави градоначалникот Трајановски на средбата со пожарникарите.

Трајановски додаде дека Градот Скопје во последниве 4 години континуирано вложува во опремување на Противпожарната бригада на Град Скопје, а таа пракса ќе продолжи и во иднина.

- Набавивме два спасувачки чамци со мотор, термокамера, две теренски возила, заштитни противпожарни капи и ракавици според европските стандарди и летни униформи. Противпожарната бригада на Град Скопје во 2010 година доби и 3 нови противпожарни возила донирани од Владата на Република Македонија, а во 2011 година доби три нови противпожарни возила за гаснење пожари во урбана средина. Едното противпожарно возило е набавено од Градот Скопје, а другите две противпожарни возила се донација од Владата на Република Македонија. Бригадата доби и нов обучен кадар, 25 пожарникари ја посетуваа и ја завршија модуларната обука за занимањето пожарникар, што се одржуваше во просториите на СУГС „Марија Кири Склодовска – нагласи градоначалникот Трајановски. Само минатата година скопските пожарникари интервенирале на 1 800 пожари.



## ПОМОШ ЗА ПОГОДЕНИТЕ ОПШТИНИ ОД ПОПЛАВИТЕ

Градот Скопје и јавните градски претпријатија активно се вклучија во расчистувањето на штетите од поплавите што минатиот месец го погодија источниот дел од нашава земја и понудија помош за погодените општини. Една цистерна на ЈП „Водовод и канализација" доставуваше чиста вода за пиење во Општина Штип каде што поради поплавите беше попречен редовниот процес на водоснабдување.

Во Општина Свети Николе беше испратена една цистерна под притисок за чистење на шахтите.

*Вандализам на Водно*

# УКРАДЕНИ АКУМУЛАТОРИТЕ ОД СВЕТИЛКИТЕ НА ВИДИКОВЦИТЕ



Непознати сторители на почетокот на месецов извршиле кражба на осум акумулатори од светилките на соларна енергија што го осветлуваат првиот видиковец во парк-шумата „Водно“ и на уште шест акумулатори од светилките на соларна енергија од вториот видиковец.

Светилките што ги осветлуваат двата видиковци се сопственост на Градот Скопје, а вредноста на украдените акумулатори изнесува 280 000 денари.

Градот Скопје извршената кражба ја пријави во полицијата којашто трага по сторителите.

Градот Скопје апелира до граѓаните да ја чуваат поставената урбана опрема и зелените јавни површини, како и да се придржуваат на комуналниот ред.





## ДОДЕЛЕНИ 1 500 БЕСПЛАТНИ САДНИЦИ

Градот Скопје во традиционалната пролетна акција за доделување садници на заинтересираните урбани и месни заедници, куќни совети и образовни институции додели 1 500 листопадни и зимзелени дрвца.

На куќните совети и образовните институции на коишто им беа одобрени барањата, им беа доделени најмногу 10, а на урбаните месни заедници по 15 садници.

Акцијата на Град Скопје за доделување садници се организира веќе шест години во две етапи, напролет и наесен. Целта на акцијата е да се зголемат површините под зеленило во градот и да се подигне јавната свест за значењето и за одржувањето на постојното зеленило.

*Во Зоолошката градина*

# ГОЛЕМ ЕКОХЕПЕНИНГ ЗА ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА





Со голем екохепенинг, којшто се одржа во Зоолошката градина, Градот Скопје го одбележа Денот на пролетта и на екологијата, 21 март. Во оваа традиционална манифестација учествуваа голем број ученици од основните и од средните училишта од Скопје, кои во Зоолошката градина засадуваа садници, слушаа предавања за зачувувањето на животната средина и на биодиверзитетот и споделија екопораки за поздрава и почиста животна средина.

Секретарот на Град Скопје, Гордана Клинчарова, додели пофалници на учениците од 28 основни училишта за нивното активно учество и успешната реализација на проектот „Собирај ПЕТ за да добиеш пет (5)“.

Хепенингот по повод Денот на пролетта, со свои настапи го збогатија децата од Детскиот културен центар „Карпош“ и Градскиот оркестар.

# КОНКУРС ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во рамките на традиционалната манифестација „Денови на пролетта - Денови на екологијата“ Градот Скопје го распиша јавниот конкурс за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, најубаво уреден двор на куќа, зграда и стопански објект и најубав состав и цртеж на тема екологија за учениците од основните и од средните училишта. Целта на конкурсот е да се промовира и да се популаризира грижата за животната средина и за природата.

Според условите на јавниот повик, Градот Скопје ќе избира:

1. Најеколошка компанија (фирма со успешна примена на ISO 14001 и придонес во зачувувањето на животната средина);
2. Најголем придонес во областа на заштитата на животната средина (правни и/или физички лица кои со својата активност и залагање сториле најмногу за зачувување и унапредување на животната средина во Скопје, во смисла на заштита на медиумите и областа на животната средина, намалување на користењето на необновливи видови енергија и сл.);
3. Најубаво уреден двор (двор на објект за индивидуално домување, колективно домување и институција, фирма или стопански објект);
4. Најубав состав на тема екологија (за ученици од основните и од средните училишта);
5. Најубав цртеж на тема екологија (за ученици од основните и од средните училишта).

Пријавите на заинтересираните граѓани, невладини организации, јавни установи, претпријатија и други правни и физички лица се доставуваат по пошта на адреса: Град Скопје - Сектор за заштита на животната средина и природата, булевар Илинден број 82, или во архивата на Градот, како и на телефонските броеви 3297-273 и 3297-302.

*Меѓународна соработка*

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ТРАЈАНОВСКИ СЕ СРЕТНА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЛЕСКОВАЦ



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 18 јануари ја прими делегацијата на Општина Лесковац, Република Србија, предводена од градоначалникот на Лесковац, Горан Цветановиќ и заменик градоначалникот, Горан Вукадиновиќ.

На средбата се разговараше за продлабочување на соработката меѓу Скопје и Лесковац во сферите на локалниот економски развој, културата, урбанизмот, спортот, социјалната заштита и образованието.

# СРЕДБА СО ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БУДИМПЕШТА



На 1 март, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, се сретна со заменик-градоначалникот на Град Будимпешта, Иштван Ѓорѓ. На средбата присуствуваа и Патрик Борош од Дирекцијата за меѓународни односи на Будимпешта, Ласло Тамаш, член на економската комисија, Н.Е. д-р Јожеф Бенце, амбасадор на Унгарија во Република Македонија, Шандор Матјуш, втор секретар во амбасадата и д-р Атила Пинтер, советник, заменик на амбасадорот на Унгарија.

- Ги запознав нашите гости со проектите кои ги реализираше Градот Скопје, но и со оние што се во фаза на подготовка и заедно дискутиравме за можната меѓусебна соработка на многу полиња како што е културата, гасификацијата, сообраќајот, образованието, спортот, но и иницијативите за збратимување на скопските општини со некои општини на Град Будимпешта. Ова е само почеток на нашата успешна соработка - истакна градоначалникот Трајановски.

Трајановски им се заблагодари на членовите на унгарската делегација за огромната поддршка што Република Македонија ја добива од Република Унгарија во нејзините евроинтеграциски процеси.

- Овде во Скопје, навистина застанува здивот кога ќе ја видите архитектонската експанзија на градот. Одличната соработка меѓу нашите две држави е навистина добра основа за нашата меѓуградска соработка во иднина. Искуства постојат на двете страни, а искрено се надевам дека нашата конкретна соработка ќе стартува со културната размена, а потоа соработката ќе се продлабочи и во другите области - рече заменик-градоначалникот на Будимпешта, Иштван Ѓорѓ.

# ОТВОРЕНА ПОСТОЈАНА ПОСТАВКА ВО МУЗЕЈОТ НА СТАРАТА ЧАРШИЈА



На 22 јануари беше отворена за јавност постојаната музејска поставка на експонати од старите скопски занаети, сместена во Музејот на Старата скопска чаршија, во Сули-ан. Просторот за музејската поставка се реновираше и адаптираше во 2011 и во 2012 година, а Градот Скопје за оваа намена од Буџетот издвои 3,4 милиони денари.

- Ова е доказ за залагањата на Град Скопје за развој на повеќе сегменти од културата и тоа: обнова и осовремување на градските културни установи, промоција на културата во Старата скопска чаршија и секако придонес кон развој на културниот туризам, што е во согласност со Стратегијата за развој на културата на Град Скопје во периодот 2012-2015 година - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на поставката.

Музејската поставка се состои од повеќе области:

Археолошкиот дел ги презентира предметите добиени со археолошките истражувања во Чаршијата и на Скопското кале во континуитет од средниот век до османлискиот период. Преку монети и керамички предмети се добива сликата за животот во Чаршијата и претстава за разновидната трговска и културна испреплетеност на овој простор.

Историскиот дел, преку раскажаната историја на левиот брег на реката Вардар од 11. век наваму, преку изложени фотографии, карти и планови, го прикажува основањето, развојот и животот на Старата скопска чаршија, како и историјатот на позначајните културно-историски споменици во Чаршијата.

Етнолошкиот дел го презентира животот во Чаршијата преку неговите најдоминантни професии: занаетчиството, трговијата и угостителството коишто егзистираат во сосема изменет вид. На поставката главен акцент е ставен на повеќе занаети: ќурчиско-кожуварски, папуџиски, терзиско-срмаџиски, кујунџискиот, казанџиски и др.



Поставката е збогатена и со уметнички дела инспирирани од мотивите на Чаршијата. Застапена е првата генерација на македонски современи ликовни уметници (Мартиновски, Пандилов, Владимирски, Коџоман и др.), како и дел од современите ликовни уметници на Македонија (Анастасов, Мазев, Перчинков и др.).

Отворањето на музејската поставка ќе придонесе за подобра едукација на младите и запознавање со културното богатство на Градот Скопје, но и во зајакнувањето на туристичката понуда на градот, затоа што овој музеј е центар преку кој туристите и граѓаните ќе ја осознаваат богатата историја на Чаршијата и нејзиното функционирање низ вековите.

# ОДБЕЛЕЖАН РОДЕНДЕНОТ... НА МКЦ



По повод 40 години постоење, на 18 јануари годинава во Младинскиот културен центар се одржа мултикултурната манифестација „РОДЕНДЕНОТ...“. Во центарот на вниманието на прославата на овој значаен јубилеј беше отворањето на изложбата на трите генерации ликовни уметници од едно од најголемите уметнички семејства кај нас - Коџоман, во комплетно реновираната галерија на МКЦ.

- Во 1963 година на иницијација на францускиот уметник Роберт Филио, почна славењето на денот на кој е „родена уметноста“. Симболично е одреден 18 јануари, па оттогаш изминативе 50 години низ светот се организираат многубројни настани со коишто се одбележува овој ден. Следејќи ги глобалните случувања, МКЦ го одбележува светскиот ден на уметноста, збогатувајќи ја прославата со уште еден јубилеј, својот роденден – четири децении постоење на Младинскиот културен центар-Скопје. Настанот оваа година носи симболичен наслов „Роденденот...“, и сублимирајќи ги во себе двата родендени, нуди програма, којашто како и минатите две години на овој ден буквално го „окупира“ просторот на МКЦ. И што би можел друго да каже човек на мои 36 години, за полни 40 години на оваа установа, местото каде што своите кариери ги почнале речиси сите македонски режисери, актери, литерати, ликовни уметници, со еден збор сите оние што се дел од културно-уметничкото милје на оваа земја. Нема поубав начин да се прослави роденденот на МКЦ од овој со најнесекојдневната изложба на трите генерации на едно од најголемите уметнички имиња кај нас, Коџоман - рече директорот на МКЦ, Златко Стевковски.

На изложбата присуствуваше и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- За овие четири децении во овој културен центар се организирани над 10 000 уметнички настани, како театарски претстави, литературни читања, ликовни изложби, инсталации и перформанси. Овој податок зборува и за посетеноста на МКЦ во овие 40 години, токму затоа Градот Скопје финансиски помага во реконструкцијата на овој објект и во подобрувањето на условите во коишто работат вработените и уметниците, но и каде што, секојдневно доаѓа неброена публика. Градот Скопје и во иднина ќе ги поддржува проектите и програмските активности на оваа младинска културна институција - истакна градоначалникот Трајановски.

Во комплетно реновираната галерија во МКЦ (за прв пат по 40 години), беше поставена несекојдневна изложба на дела од трите генерации македонски ликовни уметници: Коџоман I, II и III. Поставка, која значи 110 години уметнички континуитет, почната од основоположникот на современиот ликовен израз во Македонија, Вангел Коџоман I, преку Милош Коџоман II, еден од најетаблираните и најактуелни македонски ликовни уметници, и Вангел Коџоман III.

Во киното „Фросина“, беше одржан оригинален поетски перформанс (ПЕСНИЛО), во чиишто рамки учествуваа повеќе млади поети. Во киното „Милениум“ и киното „Фросина“ се прикажа 24 часовен филмски маратон. На сцената во Дансинг салата на МКЦ настапија „Протагонист“ од Гостивар, „Паркети“ од Битола, „D` Далтонс“ од Скопје, „Conquering Lion“ од Тетово и „Канда Коџа и Небојша“ од Белград.





*Во градскиот парк*

# ПОСТАВЕНИ ШЕСТ БИСТИ НА ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ОД МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА






Градот Скопје во првиот дел на Градскиот парк постави шест бисти на истакнати личности од македонската историја, и тоа на Орце Николов, Цветан Димов, Кочо Рачин, Коле Неделковски, Крсте Петков Мисирков и Никола Вапцаров. Бисти на овие личности постоеја и во минатото, но истите се уништени и однесени во средината на 90-те години од минатиот век.

- Како што ветивме пред неколку месеци, бистите на овие дејци се повторно поставени во Градскиот парк. Апелирам до жителите на Скопје да ги чуваат овие бисти бидејќи тие се значајно обележје на нашиот град и на Градскиот парк. Во насока на нивно зачувување и заштита, поголемо внимание ќе посветат и од јавното претпријатие



„Паркови и зеленило" – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на бистите.

Трајко Стаматовски, претседателот на Градскиот одбор на Сојузот на борците изрази благодарност до Градот Скопје за реализацијата на овој проект, бидејќи со него се дава почит на дел од најграндиозните личности од нашата историја.

Бистите се изработени според идејните решенија на академските скулптори Беди Ибрахим и Сокол Цфарку од Факултетот за ликовни уметности, по претходно распишан јавен конкурс. Вредноста на идејните решенија, леењето на бистите и реконструкцијата на постаментите изнесува околу 1,3 милиони денари, средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

*Донација*

## 5 675 КНИГИ НА ТУРСКИ ЈАЗИК ЗА БИБЛИОТЕКАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ доби донација од 5 675 книги на турски јазик, како резултат на соработката со Министерството за култура и туризам на Турција и Националната библиотека на Турција во Анкара, Библиотеката во националното собрание на Турција, како и во согласност со Спогодбата за културна соработка на двете земји.

Книгите се со најразлични наслови од областа на белетристиката, детската литература, стручна литература, едукативни материјали и монографии, што ќе придонесат за развојот на мултикултурализмот во нашиот град и државата, зајакнување на почитта и пријателството меѓу турскиот и македонскиот народ, како и реализирање на можноста за отворање турско катче во Библиотеката, каде што граѓаните од турска националност ќе можат да изнајмат литература на својот мајчин јазик.

Во знак на благодарност за големата донација на книги, на претседателот на Националната библиотека на Турција во Анкара, Тунџер Аџар, му беше доделена плакета.


„Априлијада 2013“
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ